РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2109/2 (2020)

27-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 57–та седница одржано на 21.12.2021 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2109/1 од 02.06.2020 година, за ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-2109 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.06.2020 година, поднесена е пријава за изразување на сомнеж за работата на ---------- (во натамошниот текст -----) и оформен е предмет број 12-2109 од 2020 година.

Во пријавата подносителот наведува на ден 20.05.2020 година на телевизискиот Канал ---- во интервју на директорот или некој претставник на ----- било кажано дека ----правеле сметки по некоја формула, а граѓаните кои имале големи сметки, биле упатени да се обратат до ------ или само да си ги запишат KW часовите за евтина и скапа струја. Согласно наводите од пријавата, тоа е работа на -------, за што и постојат саати, а воедно се изразува сомнеж за годишниот просек за кој се зборувало во интервјуто и во наводното криминално работење на ------. Докази не приложува но, посочува ДКСК да земе снимка од интервјуто на телевизискиот Канал -----.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, содржани се општи наводи, без посочување на конкретни личности, истите не претставуваат корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и не се предмет на нејзино надлежно постапување.

ДКСК оцени дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.В.Б
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска